Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 октомври 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година

2. Предлог - одлука за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација за потпишување на договор за интерконекција помеѓу Акционерското друштво ГА-МА – Скопје и Булгартрансгаз ЕАД, за одредување на условите, оперативните процедури и одредби во врска со испораката на природен гас на точката на интерконекција на македонско-бугарската граница на ТИ Ќустендил (БГ)/Жидилово(МК), со текст на Договор

6. Информација за реализација на Договорот за деловно-техничка соработка со Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за изменување на Заклучок бр.2, донесен по точка 45, Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството, со усогласен текст на Меморандум, на Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

- ”2. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството„.

**2.** По повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, за потребата од изнаоѓање на решение за шест лица вработени во Министерството за внатрешни работи кои немаат безбедносен сертификат, Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи веднаш до Министерството за информатичко општество и администрација, да достави податоци

за овие шест лица, а Министерството за информатичко општество и администрација да изнајде начин и соодветно на нивното образование да им понуди прераспоредување во друга институција.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор за интерконекција помеѓу Акционерското друштво ГА-МА – Скопје и Булгартрансгаз ЕАД, за одредување на условите, оперативните процедури и одредби во врска со испораката на природен гас на точката на интерконекција на македонско-бугарската граница на ТИ Ќустендил (БГ)/Жидилово(МК), со текст на Договор и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Акционерското друштво ГА-МА – Скопје да го потпише Договорот за интерконекција помеѓу Акционерското друштво ГА-МА – Скопје и Булгартрансгаз ЕАД, за одредување на условите оперативните процедури и одредби во врска со испораката на природен гас на точката на интерконекција на македонско-бугарската граница на ТИ Ќустендил (БГ)/Жидилово(МК).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Договорот за деловно-техничка соработка со Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да склучи Договор за деловно-техничка соработка за грејна сезона 2022/2023 година, во кој ќе се регулираат сите права и обврски на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје.

2. Со потпишување на Договорот за грејна сезона 2022/2023 не се исклучува обврската за исполнување на правата и обврските, по веќе склучениот Договор за деловно-техничка соработка.

Исто така, се задолжува Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје со потпишување на Договорот за грејна сезона 2022/2023 да ги исполни сите права и обврски од веќе потпишаниот Договор за деловно-техничка соработка бр.4-01-2 од 21.1.2022 година, заверен кај Скопје Север АД Скопје и бр.03-404/1 од 21.1.2022 година, заверен кај АД ЕСМ – Скопје.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **dr. Artan Grubi** |